АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 16.07.2018 | | | |
| 10 | 3320 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво СИТИ РАДИО ДООЕЛ Скопје.

3. **Период опфатен со надзорот:** 01.01.2017 - 31.12 2017 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 16 јули 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

– **Член 15 став 5 од Законот за медиуми („Службен весник на РМ“ бр. 184/13 и 13/14)**

(Радиодифузерите се должни на надлежното регулаторно тело да му доставаат писмен извештај, за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување, а особено за спроведувањето на програмскиот концепт, најдоцна до 31 март во тековната година. Во прилог на извештајот се доставува и информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во РМ или надвор од неа);

6. **Претходно изречена мерка:**

*За непочитување на член 15 став 5 од Законот за медиуми, директорот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-240 од 26.04.2018 година) на Трговското радиодифузно друштво СИТИ РАДИО ДООЕЛ Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво СИТИ РАДИО ДООЕЛ Скопје е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **<u>постапи по решението</u>** за изрекување

мерка и во дополнителниот рок достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***